# Карневал во ВЕНЕЦИЈА

**Авион/ 4 дена/ 3 ноќевања**

**01. Март (Сабота) СКОПЈЕ - ВЕНЕЦИЈА**

Состанок на групата на Аеродромот во Скопје во 19:45 часот. Полетување за Венеција во 21:20 и слетување во 23:05 часот. Трансфер од Аеродромот до хотелот и сместување. Ноќевање.

**02. Март (Недела) ВЕНЕЦИЈА**

Појадок. Организиран разглед на Венеција: Плоштадот Сан Марко со Базиликата, Дуждевата Палата, ренесансната Саат-кула, Мостот на воздишките... Прошетки и уживање во карневалската атмосфера, покрај ревиите со оригиналните карневалски костими. Препорачуваме да ја насликате венецијанската маска и да ја понесете како сувенир. Во вечерните часови, слободно време за вкусување на некој италијански специјалитет... Ноќевање.

**03. Март (Понеделник) ВЕРОНА**

Појадок. Факултативна посета на Верона – позната по Ромео и Јулија, градот каде се пишуваат најубавите љубовни писма и најдобрите романтични приказни. Разгледување на Верона: Плоштадите Бра, Ербе и Данте, Куќата на Јулија, Амфитеатарот... Враќање во хотелот во вечерните часови. Ноќевање.

**04. Март (Вторник) МУРАНО - БУРАНО – ВЕНЕЦИЈА - СКОПЈЕ**

Појадок. Факултативна екскурзија до волшебните острови на венецијанската лагуна – Мурано и Бурано. Ќе присуствувате на едно незаборавно искуство кога “маестро“ создава неверојатни стаклени фигури, каде се продаваат прекрасни рачно изработени стаклени производи и традиционална венецијанска чипка. Прошетката продолжува покрај Каналот Гранде и Мостот Риалто во Венеција. Трансфер до Аеродромот во Венеција. Полетување за Скопје во 23:35 и слетување во 01:15 часот.

## ЦЕНА НА АРАНЖМАНОТ: 369 евра (22.900 денари)

**ВО ЦЕНАТА НА АРАНЖМАНОТ Е ВКЛУЧЕНО:**

- Авионски превоз на релација Скопје-Венеција-Скопје со вклучени аеродромски такси
- Рачен багаж (1 торба/куфер со димензии 40x30x20cm со максимум 10 кг)
- Трансфер во Венеција од Аеродромот до хотелот и обратно
- Сместување во Хотел MERCURE VENEZIA MARGHERA 4* во Венеција/ Маргера со 3 ноќевања со појадок
- Разглед на Венеција
- Организација на аранжманот и придружник на патувањето

**ВО ЦЕНАТА НА АРАНЖМАНОТ НЕ Е ВКЛУЧЕНО:**

- Рачен багаж (уште 1 торба/куфер со димензии 55x40x23cm до 10kg)
- Багаж за чекирање 1 куфер до 10kg или 20kg
- Факултативен излет до островите Мурано и Бурано и прошетка во Венеција 50 евра
- Посета на Верона 50 евра
- Туристичка такса 3 евра на ден (се плаќа во хотелот на рецепција)
- Влезници во локалитетите, карти за локален превоз (бродска карта за Венеција 25 евра)
- Патничко – здравствено осигурување

**НАПОМЕНИ:**

За овој аранжман важат Општите услови за патување на СКТМ

За реализација на аранжманот потребен е минимум од 15 патници

Цените се дадени во евра, уплата се врши исклучиво во денарска противвредност по курс 1 евро = 62 денари

**Пасошот треба да важи минимум 3 месеци по завршувањето на патувањето**